РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-1216/6
13.11.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 32/2020, 11/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), градоначалникот на Општина Ранковце го издава следното

С О О П Ш Т Е Н И Е

За спроведување на јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.4560/3 КО Герман, Општина Ранковце

Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Ранковце дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 05/25 од септември 2025 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

Член 2

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.4560/3 КО Герман, Општина Ранковце опфаќа к.п.бр.4560/3 КО Герман, Општина Ранковце.
Вкупната граница на опфатот зафаќа површина од 1 284,00 м2.
Површина на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 1 284,00 м2.
Со овој урбанистички проект се планира изградба на 3 (три) објекти со намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам. Во рамките на проектниот опфат нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструктура.
Во границите на планскиот опфат планирана е 1 (една) градежна парцела со следната основна класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски.

ЈАВЕН УВИД

На Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 05/25 од септември 2025 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Ранковце www.rankovce.gov.mk, во период од 14.11.2025 год. до 28.11.2025 год., за кое време можат да се достават евентуални забелешки секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот во просториите на одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, ЛЕР и јавни дејности при Општина Ранковце.

Изработил,
Моме Крстевски

ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Градоначалник
Даниел Павловски